РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-444/2
28-04-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по пријава со број 12-2586/1 од 29.09.2025 година, со наводи за сомневање за незаконско отпуштање од работа во орган на државна администрација, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата, бидејќи од страна на подносителот на пријавата не е постапено по барањето на ДКСК и не се доставени бараните информации со прилог документација со кои би се конкретизирале пријавените наводи.

Предметот со број 12-2586/1 од 29.09.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во ДКСК е оформен предмет по пријава поднесена од лицето --------------- на ден 29.09.2025 година, заведена под број 12-2586/1, во која се изнесени наводи за сомневање дека тој бил незаконски отпуштен од работа и му престанал работниот однос во орган на државна администрација, каде бил работно ангажиран со договор на дело.

Во пријавата подносителот наведува дека една година и шест месеци континуирано бил ангажиран на определено време со договор на дело во орган на државна администрација, преку Агенција за привремено вработување. Според подносителот, Агенцијата за привремено вработување по истекот на договорите за

дело, намерно не започнала постапка за трансформација на работниот однос во работен однос на неопределено време за сите вработени лица, туку само за определени вработени лица. Исто така подносителот во пријавата информира дека случајот го пријавил и до Државниот инспекторат за труд, Народниот правобранител и Комисијата за дискриминација.
Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во предметот, ДКСК достави барање за доставување на информации до подносителот, од кој побара да достави дополнителни податоци за државниот орган каде бил вработен, работното место на кое било ангажирано, податоци за која Агенција за привремени вработување станува збор и друга релевантна информација поврзана со конкретниот случај.

До денот на реферирање на предметот подносителот не постапил по барањето на ДКСК и не ги доставил бараните податоци со прилог документација поврзана со предметниот случај.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата, поради тоа што од страна на подносителот на пријавата не е постапено по нејзиното барање и не се доставени бараните информации со прилог документација, со кои би се конкретизирале пријавените наводи.

Оттаму, ДКСК оцени дека дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.Xh., член/ anëtar